РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-398
18.12. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-4314/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необезбедување на информации што треба да им се направат достапни на корисниците, од страна на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/9 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 148 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ во рамките на својот телевизиски програмски сервис, емитуван на 2 ноември 2020 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-4314/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши административен

надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен административен надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 2 ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, со надзорот констатирано е дека наведениот радиодифузер не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-4314/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 27.11.2020 година испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување наш Уп1 бр.03-398 од 27.11.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-4314/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 51 став 1 од истиот Закон и точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/9 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.